**20101052015**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 11 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6 и член 61 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” бр.140/2008), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО

Член 1

Во Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија” број 16/2010 и 62/2010), во членот 25 во став (1) зборовите „Во период од шест месеци од денот на влегување во сила на овој правилник“ се заменуваат со зборовите „ До 30 септември 2010 година“, а зборовите „Прилог IX“ се заменуваат со зборовите „Прилог XVII “.

Во ставот (3), зборовите „Прилог XI“ се заменуваат со зборовите „Прилог XVII“.

Во ставот (4), зборовите „Прилог XII“ се заменуваат со зборовите „Прилог XVII“.

Во ставот (5), зборовите „Прилог XIII“ се заменуваат со зборовите „Прилог XVII“.

Во ставот (6), зборовите „Прилог XIV“ се заменуваат со зборовите „Прилог XVIII“.

Во ставот (7), зборовите „Прилог XV“ се заменуваат со зборовите „Прилог XVIII“.

Во ставот (8), зборовите „Прилог XVI“ се заменуваат со зборовите „Прилог XVIII“.

Прилог XVII и Прилог XVIII се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 25-6049/3
5 август 2010 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Бесими,** с.р.

**Прилог XVII**

## Листа на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ЕСЕ за половни возила од категориите $M_1$, $M_2$, $M_3$, $N_1$, $N_2$ и $N_3$

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| ТСВ техничка спецификација | Содржина на техничката спецификација | **ECE** Правилник | **EEC** Директива (основна) барана |
| ТСВ 141 | За мерките кои треба да се преземат за емисијата на издувни гасови и цврсти честички од дизел моторите кои се користат во возилата, и емисијата на издувни гасови од моторот со палење со искра, кои како гориво употребуваат природен гас или течен нафтен гас и се користат во возилата | R - 49/02 A | (88/77); 91/542 A |
| ТСВ 102 | За мерките против загадувањето на воздухот со емисијата од моторните возила | R - 83/02 | (70/220); 91/441 |

**Прилог XVIII**

## Листа на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ЕСЕ за половни возила од категориите $O_1$, $O_2$, $O_3$ и $O_4$

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| ТСВ техничка спецификација | Содржина на техничката спецификација | **ECE** Правилник | **EEC** Директива (основна) барана |
| ТСВ 109 | За кочење на моторните и приклучните возила | R - 13/06 | (71/320); 71/320 |
| ТСВ 120 | За вградување на светлосните и светлосно сигналните уреди на моторните и приклучните возила | R - 48/00 | (76/756); 76/756 |